**Известување за концентрација со која Ассикурациони Генерали С.п.А. Италија и Електрисите де Франс С.А. Франција стекнуваат заедничка контрола над ПАРКОЛОГ Инвест СППИКАВ Франција**

**(предмет бр. 08-87/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 22.05.2024 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која Ассикурациони Генерали С.п.А. (Assicurazioni Generali S.p.A.), акционерско друштво кое е основано и постои според правото на Италија, со регистрирано седиште на Пиаца Дука дељи Абруци 2, 34132 Трст, Италија и Електрисите де Франс С.А. (Electricité de France S.A.), јавно друштво со ограничена одговорност (*Société Anonyme*) кое е основано и постои според правото на Франција, со регистрирано седиште на 22-30 авењу де Ваграм, 75008 Париз, Франција, над ПАРКОЛОГ Инвест СППИКАВ (PARCOLOG Invest SPPICAV), јавно друштво со ограничена одговорност со променилва основна главнина, кое е основано и постои според правото на Франција, со регистрирано седиште на 43 авењу Пјер Менде-Франс, 75013 Париз, Франција, преку купопродажба на удели.

Ассикурациони Генерали С.п.А. основано во 1831 година, е италијанско акционерско друштво кое котира на Берзата на Милано. Генерали е крајното владејачко друштво на Генерали групацијата на друштва „Генерали Групација") и не е под контрола на ниту едно претпријатие или поединец.

Генерали Групацијата работи во повеќе од 50 држави и нуди разновидни услуги и производи поврзани со осигурување, поделени во две главни деловни области: 1) осигурување неживотно осигурување, вклучувајќи осигурување на моторни возила, осигурување на имот и осигурување од несреќи, и 2) животно осигурување. Генерали Групацијата е присутна и на пазарот за реосигурување. Покрај ова, Генерали Групацијата се занимава и со управување со средства и доброволни пензиски фондови.

Во 2023 година, Генерали Групацијата била активна и остварила приходи во Северна Македонија преку своето зависно друштво ГЕНЕРАЛИ ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје, со седиште на бул. Партизански одреди бр. 14А-1/2, 1000 Скопје, Северна Македонија („Генерали Инвестментс").

Електрисите де Франс С.А е француско јавно друштво со ограничена одговорност и владејачко друштво на ЕДФ групацијата на друштва („ЕДФ Групација"). ЕДФ е во целосна сопственост и под самостојна контрола на Владата на Француската Република.

ЕДФ Групацијата е активна ширум светот во сите области на производство, снабдување и пренос на електрична енергија, главно во Франција, особено во (i) производство и снабдување на големо со електрична енергија (вклучувајќи трговија), (ii) пренос, (iii) дистрибуција и (iv) снабдување на мало со електрична енергија. ЕДФ Групацијата е активна и во обезбедувањето други услуги поврзани со електрична енергија, како и во секторот за гас. ЕДФ Групацијата е исто така многу маргинално активна во секторот на недвижности и управува со 11 недвижности лоцирани во Франција, Германија и Италија.

ЕДФ нема зависни друштва, подружници или претставништва во Северна Македонија и не остварило приходи во Северна Македонија во 2023 година.

*Целното друштво* е инвестициско друштво кое, директно или преку неговото Зависно друштво во целосна сопственост, поседува портфолио на недвижнини составено од складишта за логистика во Франција („Недвижности"). Недвижностите, преку Целното друштво, се моментално во 100% сопственост на Генерали Групацијата.

Целното друштво нема зависни друштва, подружници или претставништва во Северна Македонија, ниту пак поседува било какви средства или остварува приходи во Северна Македонија.

Релевантниот пазар на стоки за предметната концентрација би можел да се дефинира како *пазар за индустриски објекти*. Што се однесува до географскиот опфат на пазарот кој е релевантен за предметната концентрација, за целите на ова Известување Подносителите сметаат дека релевантниот географски пазар за индустриски објекти би можел да се дефинира како *територијата на Францускаta Република*. Сепак, имајќи ги предвид надлежностите на Комисијата да ги анализира условите на конкуренцијата само на територијата на Република Северна Македонија, Подносителите доставуваат оценка за конкуренцијата за *територијата на Република Северна Македонија*.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување***.**

29.05.2024 година
Скопје